ГРАД СКОПЈЕ

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk
тел: 02/ 3 297 206

Наш број: 08-13074/1
година
Скопје

ГРАД СКОПЈЕ-QYTETI I SHKUPIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / E Pranuar: 29-11-2024
27-13074/1

29-11-2024

До
**Претседател на Совет на Град Скопје**
**Г-дин Трајко Славески**

**Почитуван,**

На ден 29.11.2024 година се одржа шеснаесетата вонредна седница на Советот на Град Скопје, со единствена точка на дневен ред „Иницијатива за отпочнување постапка за покачување на цената на услугата која ја добиваат приватните превозници ангажирани од ЈСП Скопје, поднесена од членот на Советот на Град Скопје Горан Арсов, со конкретен предлог заклучок.

Во текот на расправата на седницата, Вие како Претседател на Советот на Град Скопје спротивно на Закон и Деловникот на Град Скопје во повеќе наврати го ускративте правото на изјаснување на присутните и не им дозволивте на преставниците на градската администрација стручно да се произнесат по точката на дневен ред. Дополнително упативте закани кон вработените во градската администрацијата, што е недозволиво и во најмала рака срамно и недолично за функцијата која ја вршите.

По завршување на расправата, спротивно на член 87 од Деловникот на Советот на Град Скопје, без кворум односно неопходното мнозинство за работа од 23 советници, кое согласно Деловникот е мнозинство од вкупниот број членови на Советот, без соодветно од страна на стручните служби да биде утврден бројот на советници присутни во салата и бројот на гласови, своеволно изјавивте дека заклучок е донесен и притоа повикавте вработените во градската администрација и Градоначалникот да постапуваат иако стручните служби на Град Скопје и сите останати советници во Советот на Град Скопје укажуваа на неправилностите во водењето на седницата и немањето кворум за одлучување на истата.

Воедно предложивте со Заклучок во најкус можен рок и тоа дури во текот на денешниот ден да се достави изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на надоместок за извршени услуги во линискиот превоз на патници, по критериумот - остварен километар, со тоа што износите во табелата за цена по километар да се зголемат за 30 ден соодветно и истата да се применува до истекот на важноста на договорите кои Град Скопје ги има со приватните превозници. Ваквиот Заклучок кој не произлегува од поднесената Иницијатива, гласан без кворум односно со присуство на само 19 советници во салата на Советот (за што постои видео запис), не може да се смета за донесен.

Стручните служби во градската администрација и Градоначалникот во ниту еден момент и на никој начин нема да бидат соучесници во Вашето грубо прекршување на Статутот, Деловникот на Советот на Град Скопје и конкретното незаконско постапување.

Имено, покрај тоа што во салата на Совет на Град Скопје го немаше потребниот кворум за носење на одлуки од страна на Советот, воедно и заклучокот предложен од Вас е незаконски, а со тоа и неспроведлив од причина што измена на Одлуката за утврдување на вредност на надоместок за извршени услуги во линискиот превоз на патници, по критериумот - остварен километар, се врши врз основа на критериуми согласно член 103 став 2 од Одлуката за линиски превоз на патници во градот Скопје.

29. 11. 2024

CamScanner

Оттаму, измена на вредност на надоместокот за извршени услуги во линиските превоз на патници, не се врши со зголемување по нечија желба во висина од 30 денари како што беше сторено од Ваша страна, туку врз основа на критериуми базирани врз трошоци за гориво, бруто плата на возачи, трошоци за резервни делови, за регистрација, технички преглед и осигурување, трошоци за потрошен материјал и одржување, амортизација, сервис на возила, паркинг и разумна добивка. Секој поинаков предлог и донесување на акт е спротивно на позитивните законски прописи и подзаконски акти, а доколку реалната цена добиена согласно горенаведените критериуми е пониска од онаа која вие сте ја договориле без соодветна анализа и факти, истото ќе предизвика штета на Буџетот на Град Скопје и прибавување противправна имотна корист на други лица.

Иако од страна на советниците, градоначалникот и стручните служби во текот на седницата ова Ви беше укажано, Вие со Вашиот обид за гласање Заклучок, сакате свесно да ги задолжите градоначалникот и надлежните сектори од градската администрација (Сектор за сообраќај, Сектор за правни работи, Сектор за финансиски прашања, Сектор за општи работи, Сектор за поддршка на Градоначалник и Сектор за поддршка на Совет на Град Скопје), да изготват и поднесат незаконски акт без соодветна анализа, со кој може да се оштети Буџетот на Град Скопје односно превземат дејствија со елементи на кривично дело.

За потсетување, на Одлуката за утврдување на вредност на надоместок за извршени услуги во линискиот превоз на патници донесена во 2017 година и претходеше анализа за трошоците по километар во јавниот градски превоз во Скопје, изготвена од страна на повеќе институции и еминентни стручни лица од Техничкиот факултет Битола, а врз основа на утврдените критериуми од страна на Советот на Град Скопје согласно член 103 од Одлуката за линиски превоз на патници во градот Скопје. Секој друг поинаков начин на пресметување на вредноста на надоместокот, односно начинот на кој Вие барате да биде извршено е спротивен на позитивните законски прописи.

Оттаму, Ве известуваме дека надлежните претставници од секторите во Град Скопје, присутни на седницата и сведоци на Вашето незаконско постапување, кои во текот на седницата укажуваа дека ваквиоот начин на измени се спротивни на законите и подзаконските акти, а на кои претставници не им беше дозволено истото јавно од говорница на седницата на Совет да го образложат за информирање и во интерес на јавноста, нема да учествуваат во изготвување на незаконски акти кои се спротивни на позитивните законски прописи, при што за ваквото Ваше незаконско постапување и заканите по стручните служби ќе бидат известени соодветните надлежни органи и пошироката јавност.

**Со почит,**
Градоначалник на Град Скопје Данела Арсовска
Секретар, Зоран Глигоров
Сектор за правни работи, Цветанка Соколова Младеновска
Сектор за финансиски прашања, Јулијана Тасиќ
Сектор за сообраќај, Александар Станковски
Сектор за ревизија, Лепосава Велинов
Сектор за јавни дејности, Тања Балаќ
Сектор за планирање и уредување на просторот, Ивана Бајкова Шаља
Сектор за локален економски развој, Билјана Стојмановска
Сектор за управување со човечки ресурси, Валентина Ѓорѓиевска
Сектор за поддршка на Совет, Билјана Кекеновска
Сектор за комунални работи, Зоран Лапевски
Сектор за ИТ и модернизација, Филип Силјановски
Сектор за заштита на животната средина, Соња Чолакова
Сектор за образование, Абдула Аземи
Сектор за јавни набавки, Димитар Георгиевски
Сектор за општи работи Елизабета Јовановска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

CS CamScanner